Влада на Република Северна Македонија

„Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“

# НАСОКИ

Што се Отворени денови за иницијативи на граѓански организации?

Во согласност со определбата на Владата на Република Северна Македонија за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување на политики, Владата, во соработка со Националниот демократски институт, воведе „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“. Целта на „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“ е зголемување и унапредување на соработката меѓу Владата и организациите, односно, овозможување директно учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики за обезбедување демократски и економски просперитет на Република Северна Македонија.
„Отворените денови за иницијативи на граѓанските организации“ се реализираат преку месечни тематски состаноци на кои граѓанските организации презентираат свои иницијативи на месечната тематика, и ги дискутираат со присутните претставници на институциите.

Што е иницијатива?

Иницијатива е средство преку кое граѓанска организација дава предлог за јавни политики или унапредување на конкретна политика до конкретна надлежна институција конкретна цел, ефекти, временска рамка, потребни ресурси, спроведувачи, план за мониторинг и евалуација.

Патот на иницијативата

1. Владата испраќа повик до граѓанските организации за одржување на месечен тематски состанок;


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

2. Граѓанска организација пополнува електронски образец за пријава на иницијатива на месечната тематика во дадениот рок и пријавува учество на месечниот тематски состанок;
3. Граѓанска организација усно ја презентира својата претходно поднесена иницијатива во период од пет минути на месечниот тематски состанок и дискутира за истата со присутни претставници на засегнатите институции;
4. Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ги објавува сите пристигнати иницијативи на својата веб страница во рок од три работни дена од одржувањето на месечниот тематски состанок;
5. Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ ја испраќа секоја пристигната иницијатива до засегнатата институција во рок од три работни дена од денот на одржување на месечниот тематски состанок;
6. Засегнатото министерство, односно министер без ресор, дава одговор на иницијативата со образложение, независно дали е прифатена или не, во рок од десет работни дена од денот на приемот на иницијативата, кој одговор го доставува до граѓанската организација и до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ;
7. Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ го објавува одговорот на конкретната иницијатива на својата веб страница во рок од три работни дена по приемот на одговорот од засегнатото министерство, односно министер без ресор;
8. Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ води евиденција за сите иницијативи и врши мониторинг на месечно ниво врз процесот на спроведување на прифатените иницијативи.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“

Критериуми

Секоја граѓанска организација регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ” број 52/10, 135/11 и 55/16) може да пријави иницијатива на конкретна тематика. Предност на постапување добиваат иницијативите кои се однесуваат на конкретната закажана тематика. Иницијативи кои не се доставени во дадениот рок и форма, може да бидат вратени на доработка. Отворените денови за иницијативи на граѓанските организации“ се механизам за унапредување на соработката помеѓу Владата и граѓанските организации и директно учество на граѓанските организации во процесот на креирање и спроведување политики. Иницијативите треба да се одржливи, мерливи и релевантни. Владата на Република Северна Македонија не гарантира дека секоја иницијатива ќе биде прифатена.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk